ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-3238/2
02.07.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-13238/1 од 12.06.2025 година, поднесено од[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-3238/1 од 12.06.2025 година, поднесено од[redacted]со кое се бара информација од јавен карактер:

1.Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година

2.Име, презиме и контакт од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување.

3.Акт за систематизација на работни места.

4.Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година.

5.Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година.

6.Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година.

7.Листа на членови на Комисијата за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти.

8.Актуелна Стратегија за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година.

9.Годишна програма за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година.

10.Актуелен Акциски план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година.

11.Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности за 2024 година.

12.Број на Буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности во 2024 година

13.Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година.

14.Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 година назначен за основните мерки согласно чл. 5,6 од Законот за еднакви можности.

15.Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 година назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности

16.Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година.

17.Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општините во 2024 година.

18.Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024 година.

19.Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилствово согласност со чл. 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

20.Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилствово согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

21.Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејно насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилтво.

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

**Образложение**



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

1.Линк до детален буџет на ЕЛС за 2024 година
http://uslugi.veles.gov.mk/Shared%20Documents/%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD%20%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D0%B1%D1%80.19%20%D0%BE%D0%B4%202023%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BDa.pdf
2.Координатор за еднакви можности на жените и мажите – Мери Перкова од 04.04.2023 година. Тел.070-723-342.
3. Во прилог Акт за систематизација на работни места во pdf формат
4.Во 2024 година беа спроведени сактивности за унапредување на родовата еднаквост, вклучувајќи јавни расправи и со централната комисија за СРМ, соработка и учество на активности со Организации на жени на Општина Велес, јавни дебати и кампањи за подигање на свеста. Комисијата во рамките на Советот на Општина Велес не изработува извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените у мажите за 2024 год.
5.Нема листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставен од Комисијата за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година.
6.Нема листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година.
7. 1.Весна Атанасовска 078688688
2.Пандоркаа Прличкова
3.Невзат Муареми
4.Александар Кукулев
5.Елизабета Митревска
8. Нема Стратегија за работа на Комисијата за еднакви можности
9. Комисијата не располага со официјален документ како Програма за работа на комисијата.
10. Актуелен акциски план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година нема.
11. Комисијата во 2024 реализираше состаноци со НВО, Организации на жени. Но не води посебна официјална евиденција за одржување на истите.
12. Членовите на комисијата присуствуваат на седници на Советот на Општина Велес кога се донесува Буџетот на Општината, во програмите се предвидени средства кои се однесуваат на еднакви можности на мажите и жените.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

13. Нема Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024
14. /
15. /
16. /
17.Членови на комисии на општината во 2024 година: мажи-14 и жени-9. Во прилог листа од членови на комисии.
18.Во прилог листа од членови на управни одбори на јавни служби под надлежност на општината во 2024 година.
19.Општина Велес посебна програма за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејно насилство нема донесено, но мерки и активности во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, се предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес за социјална заштита за 2025 година.
20.Во Општина Велес постои Центар за жртви на семејно насилство
Услуга управувана/поддржана од Министерство за социјална политика демографија и млади
Специјализиран сервис за жртви на родово базирано насилство. По пријавата од жена дека е жртва на семејно насилство, било во полиција, било во центрите за социјална работа, таа ќе биде сместена во овој Центар, каде ќе ги има сите услови за непречен престој.
Во општината исто така функционира Сервис за психо-социјална поддршка на лица жртви на семејно насилство, управуван од Организација на жените на Општина Велес.
21.Превентивните мерки за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејно насилство, се предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес за 2025 година, во дел 5.Активности за родова еднаквост.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*